ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

# Годишен извештај за работењето
## на Центарот за развој на Источен плански регион за 2015 година

февруари, 2015 година

Врз основа на член 26 – а од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр.63/07, 187/2013, 43/2014 и 215/2015), Центарот за развој на Источен плански регион до Советот за развој на Источен плански регион поднесува:

Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на
Источен плански регион
за 2015 година

ОПШТ ДЕЛ

## I. ВОВЕД

Центарот за развој на Источен плански регион (ЦРИПР), согласно член 24 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр.63/07, 187/2013, 43/2014 и 215/2015) во својство на правно лице е основан од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Источниот плански регион ( Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново Облешево, Штип).

Центарот за развој на Источен плански регион е единица на локалната самоуправа со делокруг на работа утврден во Законот за рамномерен регионален развој и официјално отпочна со работа на 01.10.2008 година по назначувањето на Раководител на Центарот.

Седиштето на Центарот за развој на Источен плански регион е во општина Штип, како единица на локална самоуправа со најголем број жители ( Член 24 став 6 од Законот за рамномерен регионален) на ул. Ванчо Прќе број 119 кат 2, 2000 Штип, Тел:032/386-408, Фах. 032/386-409, www.eastregion.mk

## II. СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ

2.1. Раководител
- Раководител на Центарот за развој на Источен плански регион.

2.2 Администрација

А. Одделение за стратешки, развојни и стручно –технички прашања
- Раководител на одделение
- Координатор за регионален развој
- Координатор за регионален развој и инвестициски проекти

Б. Одделение за нормативно-правни и финансиски прашања и други стручно административни и општи работи
- Раководител на одделение
- Координатор за нормативна дејност, јавни набавки, финансиски и општи работи
- Советник за административно-технички работи

Во Центарот за развој на Источен плански регион во текот на 2015 година беа ~~се~~ вработени 6 лица од кои едно лице беше на определено време од 8 (осум) месеци и работеше во Бизнис центарот за поддршка и советодавни услуги за МСП. Останатите вработени се на неопределено работно време.

Структурата на вработените по работни места е следна: Раководител (1), Координатор за регионален развој (3), Координатор за нормативна дејност, јавни набавки, финансиски и општи работи (1) и Координатор за подршка на МСП (1).

## III. ПОРТФОЛИО НА УСЛУГИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

### 3.1 Услуги за поддршка на Советот за развој на Источен плански регион

Поддршка на работата на Советот на регионот

### 3.2 Услуги за општо информирање

Интернет страна: www.eastregion.mk
Информирање преку директен контакт
Регионална ТВ мрежа
Подршка и одржување на порталот "Прекугранична образовна мрежа за децата со посебни потреби " : www.sinet-bg.eu
Подршка и одржување на порталот "Малешевски планини": www.maleshmountain.eu
Подршка и одржување на порталот "Прекугранични иницијативи-бизнис вмрежувања за одржлив раст : www.jump-cb.eu/en/project
Подршка на порталот "Програма за зачувување на природата во Македонија": www.bregalnica-ncp.mk
Подршка на порталот "Управување со речниот слив на реката Брегалница": www.bregalnica.mk
_Подршка на порталот „Формирање на Бизнис Центар за поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија во Источен плански регион" www.investineastregion.mk
Подршка на_порталот „Вмрежување на мултимедијални центри во прекуграничниот регион – КРЕАТИВА" www.mckreativa.mk

### 3.3 Консултански услуги за подготовка и имплементација на проекти

Информирање за достапни фондови и отворени повици
Подготовка на предлог проекти
Реализација на проекти
Фасилитирање партнерства
Советувања при имплементација на проекти

### 3.4 Обуки и услуги

Реализација на обуки
Организација и менаџирање на обуки од трети лица
Организација на информативни средби
Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и вон него
Настани за градење свесност за Регионалниот развој
Изработка на извештаи и анализи од регионалниот развој

### 3.5 Услуги за промоција

Организирање на промотивни настани и учество на саеми во име на регионот
Организирање на информативни денови за промоција на потенцијалите на регионот
Подготовка на промотивни материјали за регионот
Подршка при учество на саеми и други манифестации

### 3.6 Лобирање

Лобирање за различни програми за засегнати страни од регионот
Лобирање за потребите на бизнис секторот

### 3.7 Подршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија

Организирање на промотивни настани и советодавни информативни средби
Интерактивен веб портал

## АКТИВНОСТИ НА ЦЕНТАРОТ ВО 2015 ГОДИНА

### I. АПЛИЦИРАНИ И ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА - БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2015 ГОДИНА

Центарот за развој на Источен плански регион во изминатата 2015 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој, аплицираше на два објавени повика за поднесување на предлог проекти.

На првиот повик Центарот за развој на Источен плански регион поднесе 3 (три) предлог – проекти. Согласно Одлука на Влада на РМ за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2015 г. (Сл.весник на РМ бр.42-3297/1) од 22.04.2015 година, за кои средства помеѓу Министерството за Локална Самоуправа-Биро за регионален развој и Центарот е склучен Договор за реализација на проекти во Источен плански регион наш бр.0802-142/1 од 04.05.2015 година, одобрени за финансирање се сите 3 (три) проекти: „Заштита на животната средина за одржлив развој на туризмот СРТЦ Пониква на Осогово“, „Пристапност до туристички, историски и археолошки локалитети и знаменитости во ИПР со цел создавање на интегрирана туристичка понуда“ и проектот “Ревитализација на р. Брегалница – Третман на отпадни води с. Чифлик (II фаза)“.

| Ред. Број | Назив на проектот и буџет | Статус на проектот | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Заштита на животната средина за одржлив развој на туризмот СРТЦ Пониква на Осогово<br>Буџет: 1.076.260,00 | Реализиран проект | Министерство за локална самоуправа Биро за регионален развој, општина Кочани, општина Пробиштип |
| 2. | Пристапност до туристички, историски и археолошки локалитети и знаменитости во ИПР со цел создавање на интегрирана туристичка понуда<br>Буџет: 2.260.608,00 | Реализиран проект | Министерство за локална самоуправа Биро за регионален развој,сите 11 општини во ИПР |
| 3. | Ревитализација на р. Брегалница – Третман на отпадни води с. Чифлик (II фаза)<br>Буџет: 1.126.357,00 | Реализиран проект | Министерство за локална самоуправа Биро за регионален развој, општина Пехчево |

Од заштедените средства од Е-аукциите со Одлука на Влада на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 63/2007. 187/2013 и 43/2014) одобрен е за финансирање проектот: “Ревитализација на р. Брегалница – Третман на отпадни води с. Чифлик (III фаза)“со вкупна вредност од 1.396.925,00 ден. Истиот не е целосно завршен во текот на 2015 година.

На вториот повик Центарот за развој на Источен плански регион аплицираше со 4 (четири) предлог – проекти. Согласно Одлука на Влада на РМ за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2015 г. (Сл.весник на РМ бр.42-11370/1) од 06.11.2015 година, за кои средства помеѓу Министерството за Локална Самоуправа-Биро за регионален развој и Центарот е склучен Договор за реализација на проекти во Источен плански регион наш бр.0802-399/1 од 25.11.2015 година,одобрени за финансирање се сите 4 (четири ) проекти: „ Изработка на основен проект за регулација

на дел од Кочанска река“, „Заштита на животната средина преку изработка на инвестиционо-техничка документација за атмосферски води“, „Подобрување на можноста за развој на спортско-рекреативниот езерскиот туризам во Источниот плански регион на Р Македонија ( Беровско Езеро, Езеро Градче и Езеро Калиманци)“, и „Инвестиционо - техничка документација за сообраќајни проекти за општините во состав на Источниот плански регион“.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на основен проект за регулација на дел од Кочанска река<br>Буџет на проектот: 1.030.140,00 | Позитивно оценет и предложен за финансирање | Министерство за локална самоуправа Биро за регионален развој, |
| 2. | Заштита на животната средина преку изработка на инвестиционо-техничка документација за атмосферски води<br>Буџет на проектот: 512.880,00 | Позитивно оценет и предложен за финансирање | Министерство за локална самоуправа Биро за регионален развој, |
| 3. | Подобрување на можноста за развој на спортско-рекреативниот езерскиот туризам во Источниот плански регион на Р Македонија (Беровско Езеро, Езеро Градче и Езеро Калиманци)<br>Буџет на проектот: 1.065.640,00 | Позитивно оценет и предложен за финансирање | Министерство за локална самоуправа Биро за регионален развој, |
| 4. | Инвестиционо - техничка документација за сообраќајни проекти за општините во состав на Источниот плански регион<br>Буџет на проектот: 1.305.973,00 | Позитивно оценет и предложен за финансирање | Министерство за локална самоуправа Биро за регионален развој |

## II. АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА - БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО 2015 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ВО 2016

Врз основа на барањето од Биро за регионален развој за прибирање на предлог проекти за развој на планските региони, а согласно Програмата за рамномерен регионален развој на Република Македонија за 2016 година, Центарот за развој на Источен плански регион согласно своите законски надлежности утврдени во Законот за рамномерен регионален развој на 15.12.2015 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој аплицираше со 4 (четири) предлог проекти, за финансирање и реализација во 2016 година.

| Ред. Број | Назив на проектот | Статус на проектот | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | “ П А Р К О Т Н А М А К Ф Е С Т ” | Позитивно оценет | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој) |
| 2. | Изградба на деловен простор за ЦРИПР, со Регионален Музеј и Туристички Инфо Центар | Позитивно оценет | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), |
| 3. | Изградба на пристапен пат од | Позитивно | Министерство за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Регионален пат Р-601 до село ВРТЕШКА, црква Свети Ѓорги (Планинарски дом Вртешка) | оценет | локална самоуправа (Биро за регионален развој) |
| 4. | Техничка документација за пречистителна станица за отпадни води на влезот на езеро Калиманци | Позитивно оценет | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој) |

## III. АПЛИЦИРАНИ И ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ВО РАМКИ НА (ИПА) ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Во рамките на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2007 – 2013 година – III (трет) повик , Центарот за развој на Источен плански регион, во 2013 година аплицираше со 2 (два) предлог - проекти и истите се одобрени за финансирање. Во едниот проект Центарот е носител на проектот, т.е водечки партнер, додека во другиот се јавува како имплементатор на проектните активности. Овие два проекти започнаа да се реализираат во текот на 2014 година и во продолжение на 2015 година. Проектот под реден број 2 во табеларниот преглед заврши во првото тромесечие од 2015 година, додека проектот под реден број 1 во табеларниот преглед заврши кон крајот на 2015 година.

| Ред. број | Назив на проектот и буџет | Статус | Носител/Партнер | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вмрежување на мултимедијални центри во прекуграничниот регион- КРЕАТИВА 484.302,14 еур | Реализиран проект | ЦРИПР-/Општински културен центар Брезница | ИПА -Програма Прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија |
| 2. | Подготовка на Физибилити студија за развој на ски туризмот во планинските области на Белица, Бугарија и Македонска Каменица, Македонија 146.304,33 еур | Реализиран проект | ОЦ Ѓорги Тодоров-1885,Белица/Здружение Фудбалски клуб-САСА, Македонска Каменица | ИПА -Програма Прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија |

## <u>IV. АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ ПРЕКУ ГИЗ РЕД ПРОГРАМА ЗА РЕГИОНАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО РМ-ФИНАНСИСКА ШЕМА ЗА ПОДДРШКА НА ТРЕТИ ЛИЦА SFS</u>

Во рамките на оваа поддршка Центарот за развој на Источен плански регион на 9 Март 2015 година, аплицираше со 4 (четири) предлог проекти рангирани според утврдената Методологија и критериуми за оценка на регионални предлог проекти, Изготвена од страна на ЦРИПР, а усвоена од страна на Советот за развој на Источен плански регион на XIII (тринаесетата) седницата одржана на 30 јануари 2015 година.

| Ред број | Назив на проектот ~~и буџет~~ | Статус | Носител/партнер | Извор на финасирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на патишта и паркиралишта (паркинг простори) во СРТЦ Пониква | Реализиран во 2015 год. | ЦРИПР/Општина Кочани, Општина Пробиштип | Проектот е финансиски поддржан од ЕУ |
| 2. | "Осогово" - препознатлива туристичка дестинација и регионален планински центар - до мобилност и комуникација со изградба на жичари и ски лифтови за вертикален транспорт | Реализиран во 2015 год. | ЦРИПР/Општина Кочани, Општина Пробиштип, ЦРСИПР, Општина Крива Паланка | Проектот е финансиски поддржан од ЕУ |
| 3. | Планините зборуваат и не поврзуваат | Реализиран во 2015 год. | ЦРЈИПР/, Општина Берово, Општина Струмица, ЦРИПР | Грантови PBGs/Берово, Делчево, Пехчево |
| 4. | Техничка документација за реконструкција и адаптација на бањолошки центар во село Бања, општина Чешиново-Облешево. | Не е одобрен за финансирање | ЦРИПР/ Општина Чешиново-Облешево | |

Од страна на Комисијата за евалуација на предлог проекти, формирана од страна на донаторот, одобрени за финансирање се следните три проекта чија имплементација започна и заврши во 2015 година:

- **Изградба на патишта и паркиралишта (паркинг простори) во СРТЦ Пониква, Финансиска шема за поддршка на трети лица SFS**

    - **Основна цел на проектот** - Изработка на квалитетни и оптимални технички решенија за паркинг и патна инфраструктура на СРТЦ Пониква согласно насоките и приоритетите дадени во Студијата и во деталните урбанистички планови.
    - **Конкретна цел** – Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој
    - **Вкупна вредност на проектот**: 1.802.896,00 денари.

- **"Осогово" - препознатлива туристичка дестинација и регионален планински центар - до мобилност и комуникација со изградба на жичари и ски лифтови за вертикален транспорт, Финансиска шема за поддршка на трети лица SFS**

- **Основна цел на проектот** - Фиксирање на подрачја со приоритетна важност за развој на туризмот со помош на туристичка регионализација односно определување на интегрален заеднички туристички развој на одделните туристички локалитети на Осоговските Планини преку изградба на инфраструктура за вертикален транспорт на скијачи и посетители на одделните туристички центри на Осоговските Планини (Пониква, Царев Врв, Сокол, Руен и Калин Камен)
- **Конкретна цел** - Подобрување на туристичката инфраструктура, Индикативни активности: Изградба на жичари и друга инфраструктура за подобрување на туристичката понуда на Пониква
- **Вкупна вредност на проектот**: - 1.664.250,00 денари.

- **Планините зборуваат и не поврзуваат, Финансиска шема за поддршка на трети лица SFS**

  - **Основна цел на проектот -** Мапирање на атрактивни точки (туристички магнети) и изградба на меѓу-регионален авантуристички парк кој ќе допринесе за збогатување на туристичките содржини во двата региона. Валоризација на природното и културното богатство и градење на препознатливост како туристичка дестинација која ги поврзува регионите со патеките на виното, приказните, патеката на Мис Стон, археолошките наоѓалишта, патеката на медот и шумските плодови. Поврзување на бизнис потенцијалите преку туристичките комплекси винарските визби, фармите за млеко и тн.
  - **Конкретна цел -** Источниот регион е туристичка дестинација позната по разновидната понуда на селективните видови на туризам
  - **Вкупна вредност на проектот –** 1.866.250,00

## V. ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

| Ред. број | Назив на проектот и буџет | Временска рамка | Носител/партнер | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Програма за зачувување на природата во Македонија Буџет 4.500.000,00 ЦХФ | 2013 - 2016 | Фармахем/ЦР ИПР,МЖСПП, АПП,МЗШВ,Општини од ИПР | Швајцарска Агенција за развој и соработка, МЖСПП и општини од ИПР |
| 2. | Проект за управување со речниот слив на река Брегалница Буџет 4.000.000,00 ЦХФ | 2012 - 2016 | МЖСПП/ МЗШВ, ЦРИПР, општини од регионот, тим од национални и интернационални консултанти. | Швајцарскиот државен Секретаријат за економски работи, Владата на РМ и општините по течение на река Брегалница |

Проект број 1: **“Програма за зачувување на природата во Македонија”**

- Изработена студија: “Анализа на недостатоци во еколошките податоци за подрачјето на сливот на река Брегалница”.
- Изработена “Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со акционен план ( 2016 - 2025 )”.
- Изработен „Извештај за стратегиска оценка на влијанието на Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со акционен план (2016-2025) врз животната средина”
- МЖСПП - Агенција за просторно планирање во координација со ЦРИПР и единиците на локална самоуправа во текот на 2013 година ги направи подготвителните активности за изработка на просторниот план на Источниот плански. Активностите продолжија во текот на 2015 година, а продолжуваат и во 2016 година.
- ЦРИПР активно учествуваше во евалуацијата на поднесените предлог проекти од страна на општините за доделување на средства за изградба на Едукативен Центар за природата и мали грантови за проекти на општините.
- Организирани конкретни обуки за вработените во ЦРИПР;

    - Институционално зајакнување – „Little Sydney: Protect nature in Europe”
    - Институционално зајакнување „Преговарачки вештини“ – Тирана
    - Институционално зајакнување Project cycle management – Maastricht - Холандија

Проект број 2: **“Управување со речниот слив на река Брегалница”**

- Изработен е Нацрт План за Управување со речниот слив на реката Брегалница (ПУРС Брегалница).
- Според законот во рамки на проектот формирано е и работи и Тело за управување со речниот слив, а финансирано од МЖСПП, кое по завржувањето на проектот ќе биде одговорно за управувањето со водните ресурси во Брегалница.

- Втората компонента на проектот се Малите инфраструктурни проекти кои се поделени во две фази:
    - Првата фаза која е реализирана е поддршка на сите 15 општини вклучени во проектот за имплементација на МИП кои ќе допринесат за подобрување на состојбата со водните ресурси. Проектот учествува со по 50 000 ЦХФ за секој апликант-општина, а најмалото предвидено учество на општините е 16,7%, или 10 000 ЦХФ. Важно е да се каже дека проектот огромно внимание посветува на учеството на јавноста, па така сите 15 аплицирани проекти, всушност се избрани од локалното население на “Форумите за заедниците“. Проектите треба да се реализираат до крајот на 2014 и почетокот на 2015 година.

    - Преку активното вклучување на јавноста проектот има за цел да биде што поблиску до населението од регионот и да ја добие неговата поддршка**.**

    - Еднаш годишно проектот организира отворена Јавна презентација, како и анкета за да се согледаат размислувањата на жителите од регионот.

## VI. АПЛИЦИРАНИ И ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ПРОЕКТИ ПОДНЕСЕНИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА САНАЦИЈА НА ШТЕТИ ОД ПОПЛАВИТЕ ВО ОПШТИНИТЕ ОД ИПР

На 12.03.2015 година од страна на Швајцарсјката амбасада во Република Македонија, Центарот за развој на Источен плански регион беше известен дека финансиски ќе се поддржат проекти кои се зафатени со поплавите во февруари 2015 година. За таа цел ЦРИПР достави барање до општините од ИПР за прибирање на предлог-проекти.

Доставените предлог-проекти беа разгледани од страна на Еволуциона комисија за поддршка на Предлог-проекти за штети од поплави во Источен плански регион.

Комисијата составена од претставници од Швајцарската амбасада, ЦРИПР и Фармахем изврши увид на лице место. По извршениот увид, за финасиска поддршка беа избрани проектите во табелата под реден број: 1,2,3,4 и 5

| Ред. број | Назив на проектот и буџет | Статус на Проектот | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Санација и дислокација на десен колектор за одведување на отпадни води во с. Оризари<br>2.786.575,00 денари | Реализиран во 2015 | Проектот се поддржува со финансиски средства од Програмата за заштита на природата во Македонија |
| 2. | Санирање на штети од поплави во Општина Виница (7 потпорни ѕидови и коловози)<br>1.061.300,00 денари | Не е започнато со реализација | Проектот се поддржува со финансиски средства од Министерство за финансии на Р. Македонија |
| 3. | Санација на пристапен пат до бетонски и челичен мост во село Митрашин-ци на р. Брегалница и санација со изградба на потпорни ѕидови на локален пат Студенец-с. Двориште<br>1.418.000,00 денари | Не е започнато со реализација | Проектот се поддржува со финансиски средства од Министерство за финансии на Р. Македонија |
| 4. | Изградба на 2 армирано-бетон-ски пропусти на река Видовишка<br>972.984,00 денари | Во фаза на реализација Се очекува целосно да биде завршен до Март 2016 | Проектот се поддржува со финансиски средства од Министерство за финансии на Р. Македонија |
| 5. | Регулација на дел од коритото на р.Киселица с. Пробиштип-општина Пробиштип<br>4.033.622,00 денари | Во фаза на реализација Се очекува целосно да биде завршен до Март 2016 | Проектот да се поддржи од средствата на Small actions од Швајцарската развојна агенција и општина Пробиштип |
| 6. | Санација на каскаден праг на р. Каменичка во М. Каменица | Не е одобрен за финансирање | |
| 7. | Санација на локален пат до с. Јамиште | Не е одобрен за финансирање | |
| 8. | Санација на мостовите на р. Отиња | Не е одобрен за финансирање | |
| 9. | Санирање на ѕидот на минор | Не е одобрен за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | корито и изградба на узводен праг за стабилизација и темели и праг на десна страна на мајор корито | финансирање | |
| 10. | Изградба на базен-таложник и бетонски каскади | Не е одобрен за финансирање | |
| 11. | Санација на штети на мост кај с. Теранци, мост кај с. Кучичино и изградба на Боров мост | Не е одобрен за финансирање | |

## VII АПЛИЦИРАНИ И ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2015 ГОДИНА

Во рамките на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, Центарот за развој на Источниот плански регион за прв пат доби можност да аплицира по оваа програма. На 12 Јуни 2015 година до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој Центарот поднесе предлог-проекти по следните мерки:

- Мерка 321 – Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини
- Мерка 322 – Обнова и развој на селата
- Мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја

| Ред. број | Назив на проектот и буџет | Статус на Проектот | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) во ИПР – Изградба на локален пат од локален пат с. Врсаково – с. Судик до с. Долно Трогерци и Реконструкција на мост с. Ратавица – с. Бунеш”<br>Буџет 30.760.940,00 ден. | Во фаза на имплементација потпишан договор со економски оператор | Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој<br>Мерка 321, кофинансирање од општина Штип и Пробиштип |
| 2. | Изработка на Урбанистички планови за села во Источниот плански регион за општините Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево”<br>Буџет 22.886.094,00 | Во фаза на имплементација потпишан договор со економски оператор | Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој<br>Мерка 322,кофинансирање од страна на општините Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево |
| 3. | Инвестиции во локална патна инфраструктура во ИПР” за општините Виница, Берово и Делчево<br>Буџет 14.545.177,00 ден. | Во фаза на имплементација потпишан договор со економски оператор | Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој<br>Мерка 323, кофинансирање од страна на општините Берово, Виница и Делчево |

## VIII АКТИВНОСТИ НА БИЗНИС ЦЕНТАРОТ ВО РАМКИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2015 ГОДИНА

Врз основа на Законот за рамномерен регионален развој и Програмата на Владата на Република Македонија за рамномерен регионален развој, а со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, во текот на 2014 година формирани се Бизнис Центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамките на постојните Центри за развој на планските региони. Ваков Бизнис Центар е формиран и во Источниот плански регион во состав на Центарот за развој на Источен плански регион - Штип, кој треба да ги надополни постојните услуги насочени кон бизнис секторот во квалитет - целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет - зголемено мени на услуги и опфат на корисници. Проектот финансиски е поддржан од Министерството за локална самоуправа и Програмата за поддршка на обединети нации УНДП.

Во текот на 2015 година Бизнис Центарот при Центарот за развој на Источен плански регион, спроведе серија на активности се со цел поддршка на бизнис секторот во регионот во насока на поттикнување на економскиот раст и развој во регионот. Како дел од активностите на Бизнис Центарот беа спроведени:

- Пет информативни и два советодавни настани за приватниот сектор, а беа изработени и:
- Водич за инвестиции во Источен плански регион;
- Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Источен плански регион (2015 - 2020) со Акциски план (2015 - 2016);
- Комуникациски план за спроведување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Источен плански регион (2015 - 2020).
- Како дел од активностите на Бизнис Центарот беше изработен и интерактивен веб портал: www.investineastregion.mk.

## IX. СПРОВЕДЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ ОД СТРАНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Во текот на 2015 година Центарот за развој на Источен плански регион ги реализираше следните јавни набавки:

1. Постапки со барање за прибирање на понуди со проценета вредност до 5.000,00 евра без ДДВ

- **Оглас за доделување на договор**, за набавка на моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС-95 за службеното моторно возило на Центар за развој на Источен плански регион
- **Оглас за доделување на договор**, за вршење на сметководствени и книговодителски услуги.
- **Оглас за доделување на договор,** Организација на настани и советодавни информативни средби за Бизнис Центарот
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на интерактивен веб портал за инвестирање во ИПР
- **Оглас за доделување на договор,** за набавка на мебел

- **Оглас за доделување на договор,** за вршење на ревизија на основни проекти за пристапни патишта

2. Постапки со барање за прибирање на понуди со проценета вредност над 20.000,00 евра за стоки и услуги без ДДВ

- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на Водич за инвестиции во ИПР
- **Оглас за доделување на договор,** за изградба на мултимедијален центар – проект КРЕАТИВА
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на Регионална програма со предлог АП и Комуникациска стратегија за развој и поддршка на приватен сектор
- **Оглас за доделување на договор,** за подготовка на студија за можности за користење на облак технологија
- **Оглас за доделување на договор,** за изградба на патишта и паркиралишта на Осогово, SFS
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на проектна документација за жичари и ски лифтови, SFS
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на елаборат за геомеханички истражни работи за изградба на патишта и паркиралишта во СРТЦ Пониква
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на Елаборати за ажурирани геодетски подлоги за пониква, Царев врв и Калин
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на Техничка документација за патишта и паркиралишта во СРТЦ Пониква, SFS
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на пр.док-ја за изградба на систем за одведување и третман на отпадни води во Пониква
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на техничка документација за пристапни патишта
- **Оглас за доделување на договор,** за изградба на фекална канализација (крак8) с.Чифлик 2-ра фаза
- **Оглас за доделување на договор,** за ревизија на соновен проект за патишта и паркиралишта во пониква
- **Оглас за доделување на договор**, за ревизија на проектна документација за жичари и ски лифтови
- **Оглас за доделување на договор,** за спроведување на тендерска постапка за СЕА
- **Оглас за доделување на договор,** за елаборат за ЕИА за Осогово жичари и ски лифтови
- **Оглас за доделување на договор,** за санација и дислокација на десен колектор во с.Оризари
- **Оглас за доделување на договор,** за изградба на фекална канализација крак 4,6,9,10,11 с.Чифлик
- **Оглас за доделување на договор,** за изградба на локален пат од локален пат с.Врсаково-с.Судик-до с.Д.трогерци
- **Оглас за доделување на договор,** за изградба на Мост на локален пат нм Бuниш
- **Оглас за доделување на договор,** за инвестиции во локалната патна инфраструктура во ИПР
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на техничка документација Заедничка иднина со зелени згради
- **Оглас за доделување на договор,** за санација на армиранобетонски пропусти на Видивишка река
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на урбанистички планови со ревизија за села во ИПР
- **Оглас за доделување на договор,** за мост на локален пат н.м.Буниш
- **Оглас за доделување на договор,** за изградба на рмирано бетонски потпорен сид с.Оризари
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на проектна док-ја за атмосферска канализација

- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на основен проект за регулација на Кочанска река
- **Оглас за доделување на договор,** за изработка на проектна документација за езера

## X. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Центарот за развој на Источен плански регион во периодот јануари – декември 2015 год. подготви и организира 9 (девет) седници на Советот за развој на Источен плански регион.

10.1 Тринаеста (XIII) седница на Советот за развој на Источен плански регион (30.01.2015 година на Поникива Кочани)

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

- Програма за развој на Источен плански регион 2015-2019;
- Предлог – Годишен Акционен план за 2015 година за спроведување на Програмата за развој на Источен тплански регион 2015-2019;
- Предлог - Финансиски план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2015 година;
- Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен тплански регион 2009-2014 за 2014 година;
- Разгледување на регионални и меѓурегионални предлог – проекти за финансирање од Шемата за финансиска поддршка на Источен тплански регион;
- Информација за промотивен настан;

10.2 Четиринаеста (IVX) седница на Советот за развој на Источен плански регион (13.03.2015 година општина Виница)

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2014 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршните сметки на Центарот за развој на Источен плански регион за 2014 година;
- Информација за спроведувањето на Проектот Управување со речниот слив на река Брегалница – Владимир Ставриќ;
- Информација за распишување на повик за мали инфраструктурни проекти за општините од ИПР преку Програмата за зачувување на природата во Македонија;

10.3. Петнаеста (XV) седница на Советот за развој на Источен плански регион (22.04.2015 година (среда), во општина Делчево):

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

- Избор/Реизбор на Претседател на Советот за развој на Источен плански регион;

- Свечено доделување на плакети за учество во Проектот ,,Подготовка на Регионални планови за управување со отпад и Стратегиска оцена на животната средина за Источен и Североисточен плански регион”;

10.4 Шеснаесетта (XVI) Седница на Советот за развој на Источен плански регион (14.05.2015 година (четврток), во општина Берово):

- Избор/Реизбор на Претседател на Советот за развој на Источен плански регион;

10.5.Седумнаесетта (XVII) Седница на Советот за развој на Источен плански регион (02.06.2015 година (вторник), во општина Пробиштип)

- Разгледување на Предлог-Листа на приоритетни проекти за доставување на барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година (Јавен повик бр. 04/2015);
- Усвојување на Листа на приоритетни проекти по основ на Јавниот повик број 04/2015 за доставување на барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година:
    - ✓ Листа на приоритетни проекти по мерка 321
    - ✓ Листа на приоритетни проекти по мерка 322
    - ✓ Листа на приоритетни проекти по мерка 323
- Одлука за избор на предлог-проекти за доставување на барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година по:
    - ✓ Одлука за избор на проекти по мерка 321
    - ✓ Одлука за избор на проекти по мерка 322
    - ✓ Одлука за избор на проекти по мерка 323

10.6 Осумнаесетта (XVIII) Седница на Советот за развој на Источен плански регион (10.07.2015 година (петок), во општина Пехчево)

- Презентација по проектна активност - Анализа на недостатоци во еколошките податоци за подрачјето на сливот на река Брегалница;
- Потпишување на договори за мали проекти за општините од Брегалничкиот слив во рамките на Програмата за зачувување на природата во Македонија;
- Разно
  Известување од Јавно претпријатие за државни патишта во врска со Заклучок од 17-та Седница на Советот за развој на Источен плански регион

10.7 Деветнаесетта (XIX) Седница на Советот за развој на Источен плански регион (25.09.2015 година (петок), во општина Македонска Каменица)

- Информација за проекти во тек кои се реализираат преку ЦРИПР во соработка со општините;
- Листа на приоритетни предлог – проекти за финансирање од заштедените и дополнителните средства за 2015 год. за развој на планските региони – МЛС – БРР;
- Информација за напредокот на Проектот “Воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад”;

10.8 Дваесетта (XX)  Седница на Советот за развој на Источен плански регион (30.10.2015 година (петок), во општина Чешиново - Облешево)

- Годишна листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион за 2016 година;
- Презентација на финалната верзија на Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со акционен план (2015 – 2024);
- Примопредавање на инвестиционо-техничка документација за Изградба на патишта и паркиралишта во Спортско Рекреативен Туристички Центар Поникава;
- Разно
  - Барање за номинација на лица за присуство на обуки од областа на животната средина
  - Доставување на документи за обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност.

10.9 Дваесет и прва (XXI)  Седница на Советот за развој на Источен плански регион (24.12.2015 година (четврток), во општина Свети Николе),

- Предлог-Одлука за усвојување на Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2016 година;
- Предлог – Одлука за донесување на Годишен Акционен план за 2016 година за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019;
- Предлог – Одлука за усвојување на Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со акционен план (2016 – 2025)
- Презентација на резултатите од истражувањето на биодиверзитетот во регионот;
- Примопредавање на проектна документација за:
  - Систем за одведување и третман на отпадни фекални и атмосферски води во СРТЦ Поникава,
  - Жичари, ски – лифтови и патеки за ,,Ски Центар Калин Камен – Царев врв – Поникава";

Изработил
М-р Александар Николов
Координатор за регионален развој

Февруари,  2016 год.

Центар за развој на Источен плански регион
Раководител
***Драгица Здравева***